**Врховниот суд на Република Македонија на Одделот за граѓански дела при Врховниот суд на Република Македонија на седницата одржана на ден 28.10.2013 година, го усвои следното:**

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

**Регресното побарување на Друштвото за осигурување од задолжително осигурување во сообраќајот спрема лице кое управувало со моторно возило за кое нема овластување, застарува во рок од 3 години, а застарувањето започнува да тече првиот ден од денот кога Друштвото за осигурување исплатило надомест на штета.**

## О б р а з л о ж е н и е

До Одделот за граѓански дела при Врховниот суд на Република Македонија е поднесено барање од страна на Апелациониот суд Штип за разгледување на правното прашање во кој рок застарува регресното побарување на Друштвото за осигурување од задолжително осигурување во сообраќајот, спрема лице кое управувало со моторно возило на кое нема овластување, во смисла дали рокот на застареност треба да изнесува 5 години со примена на членот 360 од Законот за облигационите односи, или 3 години согласно членот 369 став 3 и став 6 од Законот за облигационите односи, а заради обезбедување на единствена примена на законот и воедначување на судската практика.

Судиите од Одделот на седницата расправаа по поставеното правно прашање, по што се усвои и правното мислење.

Правниот основ за усвоеното правно мислење е одредбата од членот 369 став 3 од Законот за облигационите односи, според која побарувањата на осигурителот од договорот за осигурување застаруваат за 3 години. Согласно членот 369 став 6 од Законот за облигациони односи, застарувањето на побарување кое му припаѓа на осигурителот према третото лице одговорно за настапување на осигурениот случај, почнува да тече тогаш кога и застарувањето на побарување на осигуреникот према тоа лице и се навршува во истиот рок.

При факт дека се работи за регресно барање на осигурувачот спрема својот осигуреник од договорот за осигурување, согласно цитираните одредби, таквото барање застарува во рок од 3 години. Застареноста на регресното побарување на осигурувачот спрема својот осигуреник, започнува да тече првиот ден од денот кога осигурувачот го исплатил надоместокот на оштетениот.

**ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА**
**НА ВРХОВНИОТ СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**